Бр./Nr 12-331/2
18-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-331/1 од 25.01.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-331 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-331/1 од 25.01.2022 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата подносителот изразува незадоволство од спроведената постапка за вработување во /// по јавен оглас бр. ///, за работно место ///, на кое конкурирал подносителот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Не се доставени прилози кон пријавата.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Подносителот требало да искористи правен лек доколку не бил задоволен од изборот по горе означениот јавен оглас, со поднесување жалба до надлежниот орган т.е. со тужба до надлежниот суд.

Согласно горе наведеното, следуваше ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk